АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАКТНА БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИЦА (КБТС) 20(10)/0,4KV НА КП 6225/2 КО КУЧЕВИШТЕ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

Планери:

Ревиденти:

јули, 2025

С О Д Р Ж И Н А

- **Општ дел**

Насловна страна
Податоци за нарачател и извршител
ДРД на извршителот
Лиценца за урбанистичко планирање на извршителот
Работен тим на извршителот
Овластувања на планери
Проектна програма
Имотни листови
Податоци и информации

II.Проектен дел

Извод од план

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

- ВОВЕДЕН ДЕЛ
- Извод од Општ акт за село Кучевиште

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

-ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ

-СООБРАЌАЈНО РЕШЕНИЕ

Инфраструктура:

- *Водовод и канализација*
- *Електроенергетска инфраструктура*
- *Телекомунукациска инфраструктура*
- *Зеленило*
-

4. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1 Мерки за заштита на животната средина и природата

5.1.1 Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

5.1.2 Мерки за заштита од бучава

5.1.3 Мерки за заштита на квалитето на почвата

5.1.4 Мерки за заштита од бучава

5.2 Мерки за заштита и спасување

5.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

5.4 Заштита и спасување од урнатини

5.5 Заштита и спасување од поплави

5.6 Заштита од неекплодирани убојни и други експлозивни средства

5.7 Спасување од сообраќајни несреќи

5.8 Прва медицинска помош

5.9 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност

5.10 Мерки за заштита на културното наследство

5.11 Мерки за заштита, одржување и уредување на површински води и крајбрежни земјишта

- ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. ИЗВОД ОД ПЛАН.....
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА.....М= 1: 500
3. КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД ОДНОСНО ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ ..... М=1:500
4. КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ,ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ.....1:500
5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ.....1:500

I.ОПШТ ДЕЛ

Место: КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

Нарачател: **ЕВН Македонија, АД Скопје**

Предмет: **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАКТНА БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИЦА (КБТС) 20(10)/0,4KV НА КП 6225/2 КО КУЧЕВИШТЕ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

Извршител: **СТУДИО АТРИУМ ДОО - ШТИП**

Адреса: ул."Ванчо Прќе" бр. 119 Штип
2000 Штип

Телефон: 032 383 033

e-mail: atrium@atrium.mk

Работен тим: Весна Василева, дипл.инж.арх-планер

Фаза: УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
Тех. број: У-12/22

Датум на изработка: јули, 2025

Копии: електронска верзија

РАБОТЕН ТИМ:

1. Весна Василева, дипл.инж. арх. – раководител на планот
2. Александар Василев, дипл.инж.арх. – планер
3. Љубица Мицевска, м.и.а. – планер

УПРАВИТЕЛ

Весна Василева, дипл. инж. арх.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0805-50/150720250001765

Датум и време: 9.5.2025 г. 14:02

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5694035
Целосен назив:	Друштво за градежништво,архитектура,проектирање,инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ ДОО Штип
Кратко име:	ДПД СТУДИО АТРИУМ ДОО Штип
Седиште:	ВАНЧО ПРЌЕ бр.119 ШТИП, ШТИП
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	14.10.2002 г.
Деловен статус:	Активен
*Вид на сопственост:	Приватна
ЕДБ:	4029002124060
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	161.400,00
Непаричен влог MKD:	158.600,00
Уплатен дел MKD:	320.000,00
Вкупно основна главнина MKD:	320.000,00

СОПСТВЕНИЦИ	
ЕМБГ/ЕМБС:	1402986490005
Име и презиме/Назив:	АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ
Адреса:	ПИРИНСКА бр.100/4 ШТИП, ШТИП
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	81.400,00

Број: 0805-50/150720250001765 Страна 1 од 3

Непаричен влог MKD:	158.600,00
Уплатен дел MKD:	240.000,00
Вкупен влог MKD:	240.000,00

ЕМБГ/ЕМБС:	2601990490016
Име и презиме/Назив:	ИГОР ВАСИЛЕВ
Адреса:	АНТЕ БАНИНА бр.2Ѓ-А/22 ШТИП, ШТИП
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	80.000,00
Непаричен влог MKD:	0,00
Уплатен дел MKD:	80.000,00
Вкупен влог MKD:	80.000,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.110 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

ЕМБГ:	2711958495006
Име и презиме:	ВЕСНА ВАСИЛЕВА
Адреса:	ЃОРЃИ ПЕТРОВ бр.30/10 ШТИП, ШТИП
Овластувања:	Управител-всс
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ПОДРУЖНИЦИ

Подброј:	5694035/1
Назив:	Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ ДОО Штип-Подружница СТУДИО АТРИУМ 1 Скопје
Тип:	Подружница
Адреса:	РАЈКО ЖИНЗИФОВ бр.18-1/2 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

Број: 0805-50/150720250001765 Страна 2 од 3

Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности

ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА НА ПОДРУЖНИЦАТА

ЕМБГ:	2711958495006
Име и презиме:	ВЕСНА ВАСИЛЕВА
Адреса:	ЃОРЃИ ПЕТРОВ бр.30/10 ШТИП, ШТИП
Овластувања:	Раководител на подружница

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

КОНТАКТ	
E-mail:	studio@atrium.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:
Светлана Торова

Овластено лице:
Лунија Лонкина

Број: 0805-50/150720250001765

Страна 3 од 3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ ДОО ШТИП
ВАНЧО ПРЌЕ бр.119 ШТИП, ШТИП
ЕМБС: 5694035

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон

Број: 0089
04.09.2023 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

АТРИУМ СТУДИО
ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА, ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
"ВАНЧО ПРЌЕ" бр. 119 - ШТИП тел. 032 383 - 033 studio@atrium.mk

Врз основа на Член 67 и Член 68 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАКТНА БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИЦА (КБТС) 20(10)/0,4KV НА КП 6225/2 КО КУЧЕВИШТЕ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО** СТУДИО А Т Р И У М Д О О - Ш Т И П го издава следното:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАКТНА БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИЦА (КБТС) 20(10)/0,4KV НА КП 6225/2 КО КУЧЕВИШТЕ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО** технички број У-12/22, како извршители се назначуваат:

- Весна Василева , дипл.инж.арх. - раководител на тимот
- Александар Василев , дипл. инж. арх. – планер
- Љубица Мицевска, м.и.а. - планер

Планерите се должни урбанистичкиот да го изработат согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, број 225/2020, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот и проектирањето.

УПРАВИТЕЛ
Весна Василева , дипл. инж. арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ВЕСНА ВАСИЛЕВА

дипломиран инженер архитект (NQF VII_1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој Закон и во Статутот на Комората

Број: 0.0057

Издадено на: 01.05.2025 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

АЛЕКСАНДАР ВАСИЛЕВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0500**

Издадено на: 09.07.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање, („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32 од 10 февруари 2020 г.) Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

ЉУБИЦА МИЦЕВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0706

Издадено на: 06.02.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Христинка Раденски
дипл. инж. арх.

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ИНСТИТУЦИИ

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, АРХИТЕКТУРА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИНЖЕНЕРИНГ И ДИЗАЈН
Никола Нехтенин Бр.1 / Штип, тел. 032 383-033
e-mail: atrium_studio@yahoo.com

До:

1. **Министерство за култура на РМ**
   ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 61, 1000 Скопје
2. **Управа за заштита на културно наследство**
   Ул. „Павел Шатев„ бр. 3,1000 Скопје
3. **Дирекција за заштита и спасување**
   Подрачно оделение Чаир
4. **Јавно претпријатие Водовод и канализација-Скопје**
   ул.Лазар Личеноски бр.6 1000 Скопје
5. **ЕВН Македонија КЕЦ Ѓорче Петров,**
6. **МЕПСО АД Скопје**
   Ул. Максим Горки бр. 4 1000 Скопје
7. **Агенција за електронски комуникации**
   Кеј Димитар Влахов бр. 21, 1000 Скопје
8. **Македонски телеком АД Скопје**
   Кеј 13-ти ноември бр. 6, 1000 Скопје
9. **АД ГА-МА Скопје**
   Булевар Св. Климент Охридски бр.54, 1000 Скопје
10. **Национални енергетски ресурси-Скопје**
    Бул. Св. Климент Охридски бр.58 Б
11. **Јавно претпријати за државни патишта**
    Даме Груев бр.14, 1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Барање податоци и инфомрации

Почитувани,
Во постапката за изработка на на **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево,** врз основа на одредбите од член 47 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 32/2020) **бараме да ни ги доставите податоците и информации**, релевантни за предметниот проектен опфат.

Со почит,

"СТУДИО АТРИУМ" ДОО ШТИП
Управител
Дипл. инж. арх. Весна Василева

Лице за контакт:
Васко Стевоски
тел: 071/220-948

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
56419

Статус:
Кај општини/институции

Наслов

Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (KBTC) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

Датум на креирање

25.10.2023

Иницијатор

Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип

Надлежен орган

/

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
Јавно претпријатие за државни патишта	25.10.2023	/		✓
Македонски енергетски ресурси	25.10.2023	/		✓
АД ГАМА	25.10.2023	/		✓
Македонски Телеком АД-Скопје	25.10.2023	01.11.2023		✓
Агенција за електронски комуникации	25.10.2023	27.11.2023		✓
МЕПСО АД Скопје	25.10.2023	/		✓
ЕВН_издавање_податоци_и_мислења_планови	25.10.2023	30.10.2023		✓
ЈП Водовод и канализација, Скопје	25.10.2023	01.11.2023		✓
ДЗС Чаир	25.10.2023	/		✓
Управа за заштита на културно наследство	25.10.2023	/		✓

Институции

Додади институција

Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА	25.10.2023	/		✓

← Претходни 1 2 Следни →

Прикажани 11 - 11 од 11 ставки

Детали за постапка за податоци, информации и мислења

Број на постапката:
57944

Статус:
Кај барател (со одговор од општини/институции)

Наслов

Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20/10/0,4KV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

Датум на креирање

19.12.2023

Иницијатор

Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн СТУДИО АТРИУМ - ДОО Штип

Надлежен орган

/

Институции

Пребарај

Надворешна институција	Датум на испраќање	Датум на одговор	Мислење	Испратено
ДЗС Карпош	18.12.2023	29.12.2023		☑

← Претходна 1 Следна →

Прикажани 1 - 1 од 1 ставки

Наш број: 1404-1977/2
Скопје 13 .11.2023 г.

ДО:
АТРИУМ СТУДИО
Ул.,,Никола Нехтенин" бр. 1
2000 Штип

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваше барање преку е- урбанизам.

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи потребни за Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево), ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Со почит,

Сектор за телекомуникации
Изработил : А.Јовановски
Раководител на сектор: Д-р Борис Арсов
Советник на Директорот: Игор Бојаџиев

ДИРЕКТОР
Jeton Akiku

АЕК-401.03

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 56419
Дата: 31.10.2023

До
Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн
СТУДИО АТРИУМ ДОО ШТИП
Ул. Никола Нехтенин Бр. 1, Штип

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

DEVOPS активности на оптика

и мрежи од следна генерација

По овластување на

Дејан Влаховиќ

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

До

АТРИУМ СТУДИО

ул. Никола Нехтенин бр. 1

Штип

Бр.11-6335/1

31.10.2023

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0302-218/23 од 25.10.2023 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 25.10.2023 година со број на постапка 56419 (наш број 11-6335 од 27.10.2023 година) за податоци и информации потребни за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2, КО Кучевиште вон град во Општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-3162/2
Дата data 01 NOV 2023
СКОПЈЕ - SHKUP

До: „АТРИУМ СТУДИО"- доо Штип
ул.„Никола Нехтенин" бр.1,Штип
Предмет:наш бр.1302-3167/1 од 26.10.2023г
Дата: 27.10.2023 год.

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 0302-218/23 од 25.10.2023 год. креирано на страната на е-урбанизам на 25.10.2023 год. и заведено кај нас под бр.1302-3167/1 од 26.10.2023 со кое не известувате дека за потребите на изработка на **Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево**

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат (М = 1:1000) и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа.

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП за инфраструктура и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

- ситуација во М 1: 2500 во pdf формат со прикажана граница на планскиот опфат и наша најблиска постоечка инсталација-атмосферска канализација.

Што се однесува до прикажување на **предвидена хидротехничка инфраструктура** на предметниот локалитет ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечки Детални Урбанистички Планови и изработени Основни Проекти (ако такви

постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Чучер Сандево и секако решенијата од ГУП на Град Скопје.

НАПОМЕНА:

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации" на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје- водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

НАПОМЕНА: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Рецепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.маш.инж. Дина Петровска

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ


100
100
100
100
800 800
800
800
800
800
800
800
150
80
150
80
150 150
150 200
200
200
500
300
800
250
51
51
38
Бр. 4263
Датум: 26.10.2023 г.
1:2,500
N
ЛЕГЕНДА
Постоечка водоводна мрежа
Постоечка атм. кан. мрежа
Постоечка фек. кан. мрежа

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-25/2-698 од 30.10.2023
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис број 0302-218/23 од 25.10.2023 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☒ Друго На локацијата предвидена е новопланирана трансформаторска станица – дадена во прилог.

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг



Архивски број: 09-313/2 од 29.12.2023 година

До Друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн.
"АТРИУМ СТУДИО" ДОО
ул. "Никола Нехтенин" бр.1
Штип

Предмет: Податоци и информации, доставува,-
Врска: Ваше барање бр. 0302-218/23 од 18.12.2023 година

Согласночл. 70 став 2 од Законот за заштита и спасување – пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр. 93/12), и задолжувањето од Директорот на ДЗС бр. 02-2737/1 од 19.11.2020 година, Подрачното одделение за заштита и спасување Карпош при Секторот за оператива и логистика во Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Во врска со вашето барање доставено до нас на ден 19.12.2023 година, а за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)0,4 Kv на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, **Општина Чучер Сандево,** ве известуваме дека не располагаме со постоечка ниту имаме планирана инфрастуктура.

Исто така, согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14), во прилог, Дирекција за заштита и спасување – Карпош ги доставува претходни услови за заштита и спасување, кои согласно Законо за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/11 и 93/12), Процена на загрозеност на опфат за кои се однесува деталниот урбанистички план, Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на проекти, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на документација:
Во делот кој треба да се наслови како МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти,) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Karposh

Ул."Михаил Цоков" 66
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

022033213
www.dzs.gov.mk
karpos@dzs.gov.mk

спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување .

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини , нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на основниот проект, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така, при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи(Сл. Весник на РМ бр.32/11).

По вградувањето на претходните услови, проектната документација за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)0,4 Kv на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, **Општина Чучер Сандево,** ве известуваме дека треба да се достави до Дирекција за заштита и спасување – подрачно Одделение за заштита и спасување Карпош, за да се добие позитивно мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување.

Со почит,

По овластување на Директорот

Слободан Стојчевски

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Ул.'Михаил Цоков" 66
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
022033213
www.dzs.gov.mк
karpos@dzs.gov.mk

II.ПРОЕКТЕН ДЕЛ

ИЗВОД ОД ПЛАН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЧУЧЕР - САНДЕВО
Сектор за урбанизам
Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој -
Бр. 11 - 1754-2 од 31. 10. 2024 год
Чучер-Сандево

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 1754
Општ акт за село Кучевиште .
Одлука број: 08-959/9 од 22.07.2015 год.
УП вон населено место:
Намена на градба: Г - производство, дистрибуција и сервиси
Ул:
КО: Кучевиште-вонград 6225/2
ДЛ: М= 1:2500



ОПШТИ УРБАНИСТИЧКИ-АРХИТЕКТОНСКИ УСЛОВИ

број на парцела	намена	Максимална висина	Површина на парцела (м²)	Зеленило %	П (м²) градба	нето П(м²) развиена	Процент на изграденост %	коефициент на искористеност	потребен број паркинг места	во парцела
6225/2	**Г - произвдство, дистрибуција и сервиси**	10.20 м	5959 м²	20 %						

Напомена: Во Основниот проект да се дефинира класа на намена согласно член 77 од Правилникот за Урбанистичко планирање, Службен весник на РСМ бр.225/2.020г, се во врска со член 197 од правилникот

По овластување на градоначалник
Виш соработник
дип. геод. инж. С. Станковски

_____

4. Услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите во рамки на наменските зони на општ акт за село Кучевиште

4.1 Општи услови за изградба, развој и користње на земјиштето и градбите

При утврдувањето на услови за изградба и користење на земјиштето и градбите задолжително се применуваат стандардите и нормативите за урбанистичко планирање согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 145/14 и 148/14).

Плански опфат

Границата на планскиот опфат е утврдена врз основа на Член 7, 8 и 9 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Границата на планскиот опфат е граница на село.

Границата на планскиот опфатот на **Општиот акт за село Кучевиште, Општина Чучер Сандево** се движи по катастарски парцели и по линеарните зададености на теренот. Вкупната површина на планскиот опфат изнесува (360 ха).

Градежна парцела

Градежна парцела се оформува во рамки на една или повеќе катстарски парцели.

Основните услови за оформување на градежна парцела се дефинирани во член 22, 23 и 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Намена на земјиштето

Со општиот акт за село **Кучевиште** се предвидуваат следните класи на намени:

А - Домување,
Б – Комерцијални и деловни намени
В – Јавни институции
Г - Производство, дистрибуција и сервиси
Д – Зеленило и рекреација,
Е - Инфраструктура.

А - Домување

А0 - домување во посебен режим
А1 - домување во станбени куќи (селски стопански дворови)
А3 - групно домување
А4 – времено сместување

В – Јавни институции

В1 – образование и наука
В3 – култура
В5 – верски институции

Г - Производство, дистрибуција и сервиси

Г2 - лесна индустрија
Г3 - сервиси
Г4 - стоваришта

Д – Зеленило и рекреација

Д2 – заштитно зеленило
Д3 – спорт и рекреација

Е - Инфраструктура.
Е1 – комунална инфраструктура – сообраќајна инфраструктура
Е2 – комунална супраструктура – површини наменети за трафостаници

Покрај основната класа на намена да се предвидат компатабилни класи на намена на основната класа на намена според Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 145/14 и 148/14).

општина: Чучер Сандево
ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО КУЧЕВИШТЕ

П=360 ха

БИЛД Д.О.О.Е.Л. - Скопје

основна класа на намена	компатабилни класи на намена на основната класа на намена	површина на класа на намена	процент на застапеност на класа на намена	максимален дозволен % на учество на збирот на компатибилните класи н анамени во однос на основната класа на намена во планот	потребен број на паркинг места
А0 - домување во посебен прежим / А1 - домување во станбени куќи /селско остопански двор/ А3 - групно домување / А4 времено сместување	(Х) / Б1,В1,Д3,Б5 / Б1, Б2, В1, В2, В3, Д3 / Б1, Б3, В2, Д3	2790114 м2	77,46%	0% / 30% / 20% / 30%	Согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14)
В1 - образование и наука / В3 - култура / В5 - верски институции	А3, Б1, Б4, В3, Д3 / Б5, Б1, Б2, Б4, В1, В4, Д3 /Б5, Б1, Д1, Д4	37926 м2	1,05%	20% / 49%/ 49%	
Г2 - лесна индустрија/Г3-сервиси / Г4-стоваришта	Б1, Б2, Б4, В2, Д2, Д3, Д4, Г3, Г4/ Б1, Б2, Б4, Д2, Д3, Д4, Г2, Г4/Б1, Б2, Б4, Г3, Д2, Д3, Д4	659143 м2	18,30%	49%/49%/49%	
Д2 - заштитно зеленило / Д3 -спорт и рекреација	(Х) / А4, Б1, Б2, Б3, Б4,Б5, Б6, В3, Д1	20576 м2	0,57%	0% / 40%	
Е1 - сообраќајна инфраструктура		94145 м2	2,61%		
Вкупно:		**3601904 м2**	100,00%		

Заштитниот појас на водените површини ќе се дефинира дополнително со одлука на Совет на Општината. При спроведување на планското решение да се почитуваат одредбите од Закон за води на РМ (Сл.В. на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 42/12, 23/13, 163/13)

Урбанистички параметри за градежни парцели

Според Член 44 од Правилнокот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, став 3, максималната височина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. Доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.

Максимална висина т.е. одредување на кота на венец во однос на тротоар е:

- кота на тротоар ± 0.00 м
- кота на приземна плоча или нулта точка во однос на нивелетата на тротоар мах. 1,20 м
- максимална кота на венец за домување во станбени куќи 10,20 м
-максимална висина на слеме како највисока точка на кровната конструкција изнесува 4,50 м над завршниот венец на градбата
- број на катови за домување во станбени куќи П+2+Пк

Површини за градење

Минималното растојание од површината за градење до границата на парцелата кон постоечка сообраќајница не треба да е помало од 3 м.

Минималното растојание на површината за градење до соседните парцели и дозволените пречекорувања се дефинирани во член 38 и 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај

Колскиот пристап до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај на моторните возила се предвидува да се решава во склоп на градежните парцели во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (чл.59, чл. 61, чл. 65, Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не можат да се утврдат услови за градба.

Услови за движење на инвалидизирани лица

За обезбедување услови за движење на инвалидизирани лица важат истите одредби од точка 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Р.М. број 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14).

Услови за уредување на селско стопански двор

Класата на намени А1 ги опфаќа и селско стопанските дворови, поради што површините за градби во идните градежни парцели треба да се планира со утврдена површина за градење, за да може да се дозволи и изградба на други градби, во задниот двор (помеѓу станбената градба и дното на парцелата). Пред се се мисли на помошни градби за чување и сервисирање на земјоделска механизација и др., чување на стока, храна, земјоделски производи и слично.

Архитектонско обликување на објектите

Архитектонското обликување на објектите зависи од намената и функцијата. За компонирање на фасадите максимално да се почитува индивидуалноста на сопственикот и креативнсота на архитектот.

Објектите да бидат поставени во позитивен однос кон природниот амбиент со посебен акцент кон визурите, искористување на инсолацијата и почит кон соседните објекти.

Објектите да бидат изградени во стилот на автентичната традиционалната македонска архитектура и да се почитуваат архитектонски решенија во духот на наследството и традицијата.

При фасадното обликување да се применуваат природни материјали како камен и дрво.

Зеленило

Дворните места, односно просторот околу градбите хортикултурно да се уредат.

Мерки за заштита

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9^0 по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини. Согласно намените на градбите, потребно е да се изготви елаборат за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања .

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

Доколку при изведбата на градбите и инфраструктурата се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07 и 18/11).

За градбите се пропишува и следното:

- да се применат асеизмички конструктивни системи, како и материјали отпорни на пожар;
- да се применат изолаторски материјали кои ќе обезбедат максимална заштеда на енергијата за затоплување или ладење на внатрешниот корисен простор, а во функција на одржливиот развој и заштита на животната средина;
- максимално да се искористи сончевата енергија, заради заштеда на енергија
- да се применат квалитетни естетски и современи материјали, посебно за завршна обработка на градбите;
- да се градат градби со примена на помала количина на градежен материјал и со релативно помали тежини
- да се примени естетско парковско и заштитно зеленило, погодно за климатските простори

5. Начин на реализација на инфраструктурните водови и градби

Водењето на трасите на основната комуналната инфраструктура да се изврши врз основа на изработени Проекти за инфраструктура согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 145/14 и 148/14).

6. Услови за уредување на селско стопански двор

Класата на намени А1 ги опфаќа и селско стопанските дворови, поради што површините за градби во идните градежни парцели треба да се планира со утврдена површина за градење, за да може да се дозволи и изградба на други градби, во задниот двор (помеѓу станбената градба и дното на парцелата). Пред се се мисли на помошни градби за чување и сервисирање на земјоделска механизација и др., чување на стока, храна, земјоделски производи и слично.

7. Опис на основните влезни и излезни постојни правци во селото и неговата сообраќајна поврзаност со пошироко окружување

Низ село Кучевиште минува регионалниот пат Р2239 кон селото Мирковци од западната страна и на исток кон село Побожје. Преку локални патишта селото е поврзано кон Скопје од јужната страна, како и селата Танушевци и Побожје од северната страна.

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не можат да се утврдат услови за градба.

8. Сообраќајни услови за пристап до градбите и начин на решавање на стационарниот сообраќај

Колскиот пристап до градбите и начинот на решавање на стационарниот сообраќај на моторните возила се предвидува да се решава во склоп на градежните парцели во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање (чл.59, 61, 65 од Сл. Весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 145/14 и 148/14).

Во понатамошната постапка треба да бидат застапени одредбите од член 84-а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. В. На РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14, 125/14 и 148/14) и да се почитуваат одредбите од член 40 од Законот за јавни патишта (Сл. В. На РМ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15).

Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата и ако инвеститорот не може сам да го обезбеди, не можат да се утврдат услови за градба.

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02,) член 23 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Чучер-Сандево ("Службен гласник на Општина Чучер-Сандево" бр.5/19), а во врска со точка 6.1. од **Годишна програма за урбанистичко планирање за 2023 година** бр.08-1464/10 од 28.12.2022 година, Советот на Општина Чучер-Сандево на **27-та** седница одржана на **25.08.2023** година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР ЗА ВЕЛОСИПЕДИ ЗА ОБЈЕКТИ, НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО

Член 1

Со оваа одлука се задолжуваат инвеститорите кои поднесуваат барање согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23), да обезбедат паркинзи за велосипеди кај сите постојни и новопроектирани станбени, деловни и други јавни објекти.

Уредувањето и обезбедувањето на овие паркинзи за велосипеди во рамки на една градежна парцела треба да е правопропорционално на бројот на станбени единици и бројот на паркинг места за моторни возила предвидени и содржани во објектот кој е предмет на барањето, согласно Законот за градење, како и на веќе изградените станбени и други објекти кои не се предвидени за домување на територијата на Општина Чучер Сандево.

Член 2

Минималниот потребен број на паркинг места за велосипеди кај новите станбени објекти, на 80м2 корисна станбена површина, за секое паркинг место за моторно возило, да се предвидат минимум 4 паркинг места за велосипеди. За деловни и индустриски објекти, потребата од паркинг места за велосипеди да се утврди правопропорционално на корисната површина од административниот дел (на 15м2, едно паркинг место за велосипеди).

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13,137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) , горенаведените параметри, ќе се применуваат и за поднесените барања за измени во тек на градба и барањата за одобрение за доградба или надградба.

Член 3

Одредбите од оваа одлука ќе се применуваат и за веќе изградените деловни и индустриски објекти, кои треба да ја уредат и усогласат инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди во рок од две години од стапувањето на сила на оваа одлука, а имателите на веќе изградените објекти за домување, треба да ја уредат и усогласат

инфраструктурата и опремата за паркинг за велосипеди во рок од две години од стапувањето на сила на одлуката.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавување во Службен гласник на општина Чучер-Сандево.

Бр. 08 -1139/7
25.08.2023 година
Чучер-Сандево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Саша Петрушевска

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно усвосната **Годишна програма за урбанистичко планирање за 2023 година од страна на Советот** на Општина Чучер-Сандево, на 19тата седница одржана на 28.12.2022 година, во точка 6.**1** Образложение на ставка 425 Договорни услуги-Изработка на просторни и урбанистички планови, предвидена **е Студија / план за спроведување велосипедска инфраструктура на ниво на општина Чучер-Сандево**. Како една од мерките во поглед на унапредување и стимулација на користење на еколошки превозни средства, Општина Чучер Сандево предлага **Одлука за уредување на паркинг простор за велосипеди за објекти, на територијата на општина Чучер-Сандево**.

Општина Чучер Сандево е отворена за соработка и за сите граѓански здруженија кои имаат проекти важни за граѓаните. Исто така, општината во континуитет продолжува да ги застапува интересите на граѓаните преку реализирање на мерки кои се во согласност со нивните потреби.

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за изработка на
Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

1. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1.1. Предмет на изработка

Цел на оваа проектна програма е за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура за изградба на компактна бетонска трафостаница (КБТС) 20(10)/0,4kV на дел од КП 6225/2 КО Кучевиште вон град, општина Чучер Сандево

Проектот за инфраструктура треба да се изработи согласно од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) и согласно чл.45-а од Законот за градење (Сл. весник бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011,54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018) и треба да содржи техничко решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи.

1.2. Опфат на проектната документација

Просторот за кој треба да се изработи урбанистички проект за инфрструктура се наоѓа на територија на општина Чучер Сандево, влегува во опфат на важечка урбанистичка документација и потребно е да се побара извод од надлежаната ЕЛС.

1.3. Програмски барања на инвеститорот

А. Општи Барања

Урбанистичкиот проект за инфраструктура треба да се изработи согласно методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) и во согласност со подзаконските акти кои произлегуваат од него – Правилник за стандарди и нормативи за проектирање („Службен весник на Република Македонија" број 60/12, 29/15, 32/16 и 114/16 и „Службен весник на РепубликаСеверна Македонија" број 211/20). и Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 225/20,1219/21, 104/22 и 99/23) и треба да содржи планско решение за инфраструктурата со сите нејзини елементи.

Урбанистичкиот проектот за инфраструктура се изработува на ажурирана геодетска подлога, изработена и заверена од лиценцирана геодетска фирма.

Сите потребни надземни и подземни градби во рамките на планскиот опфат треба да бидат евидентирани на ажурирана геодетска подлога во документациската основа на проектот.

При изработка на урбанистичкиот проект за инфраструктура да се прибаваат потребните податоци и информации од јавни претпријатија и органи на власт согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)

Б. Посебни барања

При проектирањето да се почитуваат просторните ограничувања од постојните околни објекти и да се земат во предвид следните документи

- Проектна програма;
- Податоци и информации од надлежни институции
- Геодетски елаборат за извршени геодетски работи за посебни намени - ажурирани геодетски подлоги од страна на лиценцирана фирма за катастар, заведен во Агенција за катастар на недвижности.
- Елаборат за заштита на животна средина.

В. Достава на документацијата

Проектот се доставува согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23)

Потребната техничка документација треба да се достави во: 1 (едно) ЦД во електронска форма и по потреба 2 (два) примероци во хартиена форма

Инвеститор:

ЕВН Македонија

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАКТНА БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИЦА (КБТС) 20(10)/0,4KV НА КП 6225/2 КО КУЧЕВИШТЕ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

УРБАНИСТИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Општи информации

Овој Урбанистички проект за инфраструктура е изработен согласно член 58 став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 332/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 59, 60 и 61 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/2020, 219/21, 104/22, 99/23 и 07/25).

ПРОЕКТНАТА ПРОГРАМА од инвеститорот и **ИЗВОДОТ**, Општа акт за село Кучевиште, со одлука број: 08-959/9 од 22,07,2015 г., издаден од Општина Чучер Сандево, од одделение за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи со број 11-1754-2 од 31.10.2024 г., **претставуваат основа за изготвување** на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПАКТНА БЕТОНСКА ТРАФОСТАНИЦА (КБТС) 20(10)/0,4KV НА КП 6225/2 КО КУЧЕВИШТЕ ВОН ГРАД, ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

ИЗВОД од општ акт

Урбанистичкиот проект ќе се изработи врз база на Изводот од општ акт за Кучевиште издаден од **Општина Чучер Сандево, Одделение за урбанизам и заштита на животна средина донесен со одлука бр. 11-06/250 од 15.12.2021 год.**

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

